MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-666/6
27-05-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 17-та седница одржана на ден 22.05.2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-666/1 од 21.02.2019 година.

Предметот со број 12-666/1 од 21.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-666/1 од 21.02.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Добиената пријава содржи наводи за затекнати состојби од неправилно работење во јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти, а кои подносителот на пријавата ги посочува во својство на новоименуван В.Д. директор на претпријатието.

Постапувајќи во рамките на своите надлежности, а заради утврдување на фактичката состојба во конкретниот предмет, ДКСК предметот со целокупната документација го достави на надлежно постапување на ревизор во единицата за внатрешна ревизија во субјектите на локално ниво односно, до одделението за внатрешна ревизија при општината под која се води и во која работи предметното јавно претпријатие, со барање известување за нивното надлежно постапување.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај, добиеното известување за надлежно постапување на одделението за внатрешна ревизија при општината под која се води и во која работи предметното јавно претпријатие, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во врска со предметниот случај веќе било постапено од страна на општината по пријава доставена од истиот подносител и биле преземени чекори односно била извршена внатрешна ревизија по која бил изготвен конечен извештај и доставен до градоначалникот на општината, а кој истиот го доставил на надлежно постапување на соодветни надлежни органи – Управата за финансиска полиција, Финансиска инспекција на јавниот сектор – Скопје и Основното јавно обвинителство Велес. Со оглед на констатираното и поради тоа што во врска со предметните наводи постапуваат други надлежни органи, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk